**Соопштение бр. 2, ноември 2022**

# Вклучување на младите лица со попреченост во програми за сексуално образование: достапен прирачник

Многу меѓународни агенции како што се СЗО и УНЕСКО повикуваат на усвојување на сеопфатни наставни програми за сексуално образование кои треба да опфатат групи кои што се изложени на ризик од маргинализација, вклучително и младите лица со физички и/или когнитивни попречености, како резултат на недостаток на инклузивни материјали за сексуално образование кои што се сè уште ограничени како и нивната имплементација на терен.

Партнерите на проектот INCLUDED ја објавија алатката која наставниците и воспитувачите можат да ја користат за да го намалат овој јаз.

“INCLUDED: Инклузивно сексуално-образование преку креативни методи” е Еразмус+ проект кој има за цел да ја подобри и надгради програмата за инклузивно сексуално образование, која е наменета за средношколци со фокус на вклучување на млади лица со физички и/или когнитивни попречености.

Во оваа рамка, партнерството објави прирачник во кој е наведена програмата за наставна обука заснована на употреба на креативни методи како што се играње улоги и театарски техники, кои се покажаа како ефективни методи во едукацијата на младите, а уште повеќе со млади лица со физички и/или когнитивни попречености.

Пред објавување на прирачникот, програмата за имплементација беше пилотирана во секоја земја партнер од проектот во средните училишта со цел да се тестираат активностите од модулите за обука во средните училишта во училница, каде што ученици и млади лица со физички и/или когнитивни попречености беа исто така присутни. Насоките и предлозите за наставниците може да се најдат во прирачникот за да им овозможат да стекнат вештини и знаења за тоа како најдобро да се спроведе програмата за сексуално образование.

Co-funded by the
Erasmus+ Programme
of the European Union

*„Најмногу ми се допаднаа од оваа работилница енерџајзерите и вежбата барометар. Немаше нешто што не ми се допадна.“*

Прирачникот е објавен на сите партнерски јазици од проектот (англиски, шпански, грчки, италијански, холандски и македонски јазик), сите може да се преземат бесплатно од веб платформата на проектот: https://includedproject.eu/educational-resources/

**БЕЛЕШКИ**


- Проектот Included е кофинансиран од програмата Ерасмус+ на Европската комисија според Договорот за гранд: Erasmus+ 2020-1-UK01-KA227-SCH-094470
- Проектот се спроведува со партнерство на седум НВО, истражувачки институти и јавни субјекти од различни европски земји. За да дознаете повеќе за проектот и да се вклучите во активностите, ве молиме да ги следите активностите на следната веб-страница: www.includedproject.eu


- Национални податоци за контакт: vasileska.k@kmop.org



Поддршката на Европската комисија за изработката на оваа публикација не претставува одобрување на содржината, која ги одразува само гледиштата на авторите, а Комисијата не може да биде одговорна за било каква употреба на информациите содржани во неа.



Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union